# Договор за користење на софтверското решение од крајниот корисник

---

Овој документ е правно обврзувачки договор за користење на софтверот Prima MEDICA Cloud помеѓу Вас (правно лице) и компанијата Кодекс Компјутери, ул. “Ристо МИОВ” 17 Кавадарци, ЕДБ:4011998111907. Со овој договор се регулира користењето на софтверското решение (Prima MEDICA Cloud) од Ваша страна на база на временски лиценци, под услови кои се дефинирани во продолжение. Ова е договор за правата на крајниот корисник и не претставува договор за купопродажба на самото софтверско решение.

Внимателно прочитајте го овој договор пред користење на Prima MEDICA Cloud. Отворање или употреба на сите или некои компоненти од овој софтвер истовремено значи Ваше прифаќање на сите услови на овој договор, кој произведува еднакво правно дејство како договор потпишан од Ваша страна. Доколку не се сложувате со условите на овој договор, Ве молиме да не ја користите Prima MEDICA Cloud.

ВИЕ СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА ВАШЕТО КОРИСТЕЊЕ НА Prima MEDICA Cloud ПОДРАЗБИРА ДЕКА СТЕ ГО ПРОЧИТАЛЕ ОВОЈ ДОГОВОР, ВО ПОТПОЛНОСТ СТЕ ГО РАЗБРАЛЕ И СТЕ ГИ ПРИФАТИЛЕ СИТЕ НАВЕДЕНИ УСЛОВИ.

## 1. Prima MEDICA Cloud

Терминот “Prima MEDICA Cloud” во овој договор значи:

---

(I) Погоре спомenатиот софтверски продукт и сите негови додатоци, подобрување и надградување,

(II) Целата содржина, електронска пошта и нејзините прилози, вклучувајќи посебно дигитални слики, видео и аудио записи,

(III) Дополнителни материјали или било која друга документација поврзана со Prima MEDICA Cloud.

---

## 2. ПРАВА НА КРАЈНИОТ КОРИСНИК И КОРИСТЕЊЕ

**(а) Право на користење на Prima MEDICA Cloud**

Имате непреносливи права да ја користете Prima MEDICA Cloud за онолку корисници, колку имате регистрирано во Prima MEDICA Cloud, на неограничен број на уреди кои овозможуваат употреба на Prima MEDICA Cloud. Секоја различна дејност се смета како засебна лиценца. Секој корисник со факсимил се смета како дополнителен лекар во соодветната дејност и за него се плаќа дополнителен износ. За корисниците кои не поседуваат факсимил (придружен медицински и административен персонал) не се наплаќа дополнителен износ.

**(б) Право на пристап и безбедност**

Кодекс Компјутери обезбедува пристапни податоци (кориснички имиња и опција за креирање на лозинки) за овластените лица кои имаат право да ја користат Prima MEDICA Cloud. Вие сте одговорни за чување на овие податоци и за сите активности што се вршат преку Вашите кориснички профили во Prima MEDICA Cloud. За заштита на податоците Кодекс Компјутери користи SSL енкрипција и стандардни безбедносни протоколи.

**(ц) Право на имплементација и корисничка поддршка**

Кодекс Компјутери има обврска да Ви овозможи имплементација на Prima MEDICA Cloud и корисничка поддршка на база 8x5 и да Ве запознае со условите за имплементација на Prima MEDICA Cloud и за корисничката поддршка.

Под имплементација на Prima MEDICA Cloud се подразбира: иницијален консалтинг околу обезбедување од Ваша страна на технички предуслови потребни за работа со Prima MEDICA Cloud, иницијално подесување на Prima MEDICA Cloud за работа, иницијална обука за употреба на Prima MEDICA Cloud

Под обезбедување на корисничка поддршка се подразбира: одговор на Вашите прашања и консултации поврзани со користењето на Prima MEDICA Cloud, дополнителна обука за користење на Prima MEDICA Cloud, дополнителни подесувања на Prima MEDICA Cloud, организација и управување со податоците во Prima MEDICA Cloud.

**(д) Право за коректна функционалност на Prima MEDICA Cloud**

Вие имате право на коректна функционалност и работа на Prima MEDICA Cloud. Под грешка се подразбира само она функционирање на Prima MEDICA Cloud кое е во спротивност со начинот на работа, опишан во Корисничкото упатство на Prima MEDICA Cloud или другата достапна документација.

Во случај на постоење на грешка во Prima MEDICA Cloud, Кодекс Компјутери е обврзан да ја корегира во наредната редовна верзија на софтверот Prima MEDICA Cloud или

намногу за 24 часа доколку се работи за грешка која го попречува целосно нормалното функционирање, откако ќе биде утврдено дека навистина се работи за грешка.

Кодекс Компјутери е должен пред почетокот на употреба на Prima MEDICA Cloud да Ве извести за можностите и функционалностите на истата.

**(ѓ) Регулирање на финансиски обврски**

Вие имате обврска да ја платите лиценцата за Prima MEDICA Cloud пред почеток на периодот со работа на Prima MEDICA Cloud, на годишно ниво, освен во случај да постои посебен договор помеѓу двете страни. Износот се утврдува согласно важечкиот ценовник на Кодекс Компјутери на денот на издавањето на лиценцата. Доколку се откажете од работа на Prima MEDICA Cloud после 45 дена од стапувањето во важност на овој договор, немате право на рефундација на средствата за преостанатиот период од лиценцата за Prima MEDICA Cloud.

## 4. КОРИСТЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ВО СОГЛАСНОСТ СО ВАЖЕЧКИТЕ ЗАКОНИ

Вие се обврзувате дека ќе ја користите Prima MEDICA Cloud на начин кој е во согласност со сите важечки закони и подзаконски акти на нашата држава, вклучувајќи, но и не ограничувајќи се на важечките ограничувања во врска со авторските права и другите права на интелектуална основа како и одредбите на овој договор. Кодекс Компјутери не е одговорен за било какво злонамерно користење на Prima MEDICA Cloud од Ваша страна или доколку без согласност на Кодекс Компјутери сте му овозможиле користење или увид во технологијата на Prima MEDICA Cloud на трети лица.

(I) Prima MEDICA Cloud смеете да ја користите само на начин како што е наведено во овој договор.
(II) Не смеете да го пренесувате правото на користење на Prima MEDICA Cloud на било кое трето лице.
(III) Не смеете да ја препродавате, изнајмувате или позајмувате Prima MEDICA Cloud на било кое трето лице.
(IV) Не смеете да се обидувате да извршите обратен инженеринг, хакерски напади, заобиколување на безбедносни механизми или било какви активности или обиди насочени кон откривање на технолошките решенија на Prima MEDICA Cloud, пристапување до серверската инфраструктура, базата на податоци или изворниот код. Исто така, не смеете да ја користите Prima MEDICA Cloud на начин кој би овозможил на трети лица да извршат било која од наведените активности.

## 5. НАДГРАДБА НА Prima MEDICA Cloud

Правото на користење на Prima MEDICA Cloud дадено на Вас врз основа на овој Договор вклучува и редовни надградби на услугата.

Под „надградба на услугата" се подразбираат сите технички и функционални подобрувања што Кодекс Компјутери ги применува на апликацијата и инфраструктурата на Prima MEDICA Cloud, со цел подобрување на нејзината работа, сигурност и усогласеност со законските прописи. Надградбите може да вклучуваат:

- исправки на грешки,
- безбедносни подобрувања,
- нови функционалности,
- измени и адаптации поврзани со законски промени.

Секоја надградба се изведува **автоматски во cloud околината**, без потреба од Ваша интервенција, и е составен дел на услугата Prima MEDICA Cloud.

Кодекс Компјутери се обврзува да обезбеди надградба на апликацијата и базата на податоци во контролирана и заштитена средина, со цел зачувување на интегритетот и доверливоста на Вашите податоци. Надградбите се извршуваат во време на деловна неактивност на клиентите, со цел да се избегне застој во функционалноста.

## 6. ЛОКАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ И ДОСТАПНОСТ

Кодекс Компјутери користи податочни центри за складирање и чување на Вашите податоци исклучиво на територијата на РСМ. Податоците не се пренесуваат надвор од територијата на РСМ без Ваша писмена согласност.

Кодекс Компјутери се обврзува да обезбеди максимална достапност на Prima MEDICA Cloud особено во периодот на Ваша деловна активност. Сепак, доколку во текот на користењето се јави потреба од планирани прекини на достапноста, истите ќе бидат најавени најмалку 24 часа однапред преку инфо порталот вграден во самиот систем.

## 7. АВТОРСКО ПРАВО

Prima MEDICA Cloud и сите нејзини додатоци, измени и дополнувања се изворно авторско дело на Кодекс Компјутери. Структурата, организацијата и кодот на Prima MEDICA Cloud се деловни тајни и доверливи информации на Кодекс Компјутери и секој неовластен пристап до нив или неовластено споделување на истите претставува повреда на правата на Кодекс Компјутери, согласно Законот за авторски права на РСМ.

## 8. ЧУВСТВИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ И ПРИВАТНОСТ

Вие сте одговорни за точноста и законитоста на внесените лични и здравствени податоци. Кодекс Компјутери се обврзува да ги чува податоците безбедно и доверливо, согласно Законот за заштита на лични податоци.

Двете договорни страни се обврзуваат сите информации до кои ќе дојдат при извршување на овој договор да ги третираат како доверливи и да не ги откриваат на

трети лица, освен доколку тоа е неопходно за исполнување на договорот или е законски наложено.

Доверливи податоци на корисникот се сите податоци внесени или генерирани преку користење на Prima MEDICA Cloud, кои не се јавно достапни. Во ова се вклучуваат, но не се ограничени на: лични и здравствени податоци на пациенти, финансиски податоци, податоци за вработени, деловни контакти, информации за добавувачи, деловни процеси и планови.

Доверливи податоци на Кодекс Компутери се сите информации и материјали поврзани со технологијата, методологијата на работа, алатките, статистиките и документацијата кои се дел од услугата Prima MEDICA Cloud, а кои не се јавно достапни.

Двете страни се согласуваат дека доверливите податоци ќе се користат исклучиво за потребите на исполнување на овој договор и нема да се обработуваат, репродуцираат или откриваат за други цели без претходна писмена согласност на сопственикот на податоците.

Обврската за доверливост важи за целиот период на важност на лиценцата, како и најмалку една година по завршувањето на овој договор, освен доколку не е поинаку регулирано со закон или со меѓусебен договор.

## 9. НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОВОЈ ДОГОВОР

Кодекс Компјутери ги задржува сите права кои се наведени во текстот погоре. Кодекс Компјутери има право да покрене постапка против Вас, доколку прекршите некои од горенаведените права. Секоја употреба на софтверот надвор од означените рамки ќе се смета за повреда на овој Договор. Во такви околности Кодекс Компјутери ќе има право на целосно надополнување на штетата и на загубата на приходите, како и прекин на услугата.

## 10. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Овој договор стапува на сила во моментот на конфигурацијата (доделување право на користење) на Prima MEDICA Cloud и неговата важност се продолжува по автоматизам со секоја обнова на лиценцата за користење и важи до периодот на важност на лиценцата.  Во случај на истек на важноста на овој договор без претходно обновување на лиценците Кодекс Компјутери обезбедува 20 дена грејс период за целосен пристап, по што доколку не се продолжи договорот апликацијата станува недостапна, а податоците ќе се чуваат уште 60 дена, по што ќе бидат избришани. Во тој период може повторно да ги активирате лиценците или писмено да побарате од Кодекс Компјутери да Ви бидат доставени Вашите податоци во .csv формат, доколку сте се одлучиле за непродолжување на договорот.

## 11. ИЗМЕНИ

Кодекс Компјутери го задржува правото еднострано да ги измени сите понуди, услови, цени и други податоци во врска со Prima MEDICA Cloud.

## 12. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

Овој договор не предвидува други обврски, освен оние кои се посебно нагласени овде.

## 13. ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ

Ниту во еден случај, Кодекс Компјутери нема да биде одговорен за било каква загуба на профит и заработка, трошоци, оштетување на имот, лични повреди, престанување со работење, губење на работни информации (доколку немате платена лиценца за заштита на податоци) или за било кои посебни, непосредни, посредни, случајни, економски или дополнителни штети, пресуда, негрижа или било кои други теории на заговор кои произлегуваат од неправилната употреба или неможноста да се употребува Prima MEDICA Cloud поради надворешни  фактори и причини.

## 14. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За целиот договор применливи се законите и позитивните законски одредби кои важат на територијата на Република Северна Македонија. Во случај на спор помеѓу двете страни, надлежен е Основен Суд Кавадарци.